РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Бр. 01-1060/1
06.11.2024 год.
ДЕМИР ХИСАР

# ПРОЦЕДУРА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР



1. **Намена и цел на процедурата**

Вклучување на граѓаните во процесите за донесување на одлуки во Општина Демир Хисар.

2. **Примена на процедурата**

Процедурата ги опфаќа активностите и правилата поврзани со процесот на вклучување на граѓаните во процесите за донесување на одлуки во општината.

Градоначалникот како Високо раководство дава целосна поддршка за почитување и примена на оваа процедура.

Одговорноста за почитување на правилата наведени во оваа процедура ја носат следните лица:

- Градоначалник
- Советот на Општина Демир Хисар
- Раководители на одделенија
- Вработените во Општина Демир Хисар

3. **Референтни документи**

- Закон за локална самоуправа
- Статут на Општина Демир Хисар

**4. Правна основа:**

Локалните избори се првиот чекор во вклучувањето на граѓаните и граѓанките во процесот на донесување на одлуки, а нивната постојана вклученост во работењето на општината продолжува меѓу два изборни циклуса и таа е утврдена со законите и општинските акти.

Непосредното учество на граѓаните и граѓанките во процесот на одлучување во општините се уредува со Законот за локална самоуправа, кој ги наведува следниве законски начини на непосредно граѓанско учество: граѓанска иницијатива; собири на граѓани и референдум.

Понатаму, како дополнителни облици на вклучување на јавноста во процесот на одлучување на локално ниво се уредуваат: претставките и предлозите, јавните трибини, анкети и предлози.

Трошоците за спроведување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето паѓаат на товар на општинскиот буџет.

5. **Интеракција меѓу општината и граѓаните:**

Интеракцијата меѓу општината и граѓаните, генерално, може да се одвива на неколку нивоа:

1. Информирање на јавноста (печатени и електронски медиуми и слично);
2. Консултирање на граѓаните и граѓанките (фокус групи, анкети, јавни средби и слично.);
3. Вклучување на граѓаните и граѓанките во процесите на јавните политики, со цел да се осигури дека ќе се разберат и дека ќе се земат предвид мислењата на разните засегнати страни;
4. Соработка со граѓаните и граѓанките – склучување партнерства со разни интересни групи во секоја фаза од развојот на јавните политики, од идентификувањето на проблемот па сè до евалуацијата, (на пример: советувања, разни комисии, партиципативно одлучување);
5. Зајакнување на улогата на разните интересни групи од страна на

властите за спроведување на јавните политики, со што одлуката и одговорноста за да се постигнат утврдените цели се пренесуваат на овие групи, а донесувањето на крајните одлуки е со учество на јавноста.

6. **Форми на граѓанско учество:**

**Граѓанска иницијатива:**

Граѓаните имаат право да му предложат на советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност.

Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

Советот е должен да расправа ако го подржат најмалку 10% од избирачите на општината односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

Расправата советот е должен да ја одржи најдоцна во рок од 90 дена по доставената иницијатива и да ги информира граѓаните за својата одлука.

**Собир на граѓани:**

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа .

Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива,на барање на советот или на барање од најмалку на 10% од избирачите на општината,односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

Органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓаните и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат,како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки,преку средствата за јавно информирање или службеното гласило на општината.

На собирот на граѓаните во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓаните го води Градоначалникот или лице што ќе го овласти Градоначалникот.

За прашањата за кои се расправа на Собирот на граѓаните известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени преставници на органите на општината.

Собирот на граѓаните може да усвои општи насоки за работа на органите и телата на општината за сите јавни работи од локално значење.

Општите насоки Собирот на граѓаните ги усвојува со мнозинство гласови од присутните.

**-Референдум:**

Граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината ,како и за други прашања од локално значење.

Советот е должен да распише раферендум на барање од најмалку од 20% од избирачите на општината.

Советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност,по сопствена иницијатива.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за советот.

По барањето за распишување на референдум Советот на општината во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето донесува Одлука за распишување на референдум.

Одлуката за распишување на референдум содржи предмет на референдумот и денот на неговото одржување.

Одлуката за распишување на реферндум се објавува во службено гласило и другите средства за информирање во општината.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена ниту повеќе од 60 дена.

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдум.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Комисија за спроведување на референдум: го определува времето на гласање; врши технички подготовки за спроведување на референдумот; ги определува гласачките места; ги утврдува резултатите од гласањето и се грижи за законито спроведување на референдумот.

За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата на гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите ја обезбедуваат правилноста и тајноста на гласањето.

Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да се заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

Прашањето односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил кон гласање, по негово барање да му даде објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.
Граѓанинот може да гласа само лично.

На референдумот се гласа со гласачки ливчиња.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено така што граѓанинот на референдумот може да одговори со "за" или "против".

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "за" или "против".

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот "за" или "против" од алтернативата за која гласал.

По завршувањето на гласањето одборот го утврдува резултатот од гласањето за гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на заиосникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Веднаш по составувањето на записникот, одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот.

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на применіот гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство на гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна и се објавува во службено гласило на општината.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведување на референдумот до Советот на општината.

Прашањето односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 месеци од денот на одржувањето на референдумот.

**-Преставки и предлози:**

Секој граѓанин има право,поединечнио или заедно со другите да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација.

Градоначалникот е должен:

- да создаде услови за доставување претставки и предлози;
- најдоцна во рок од 60 дена,од денот на приемот на претставката,односно предлогот,на подносителот да му достави образложен одговор и
- претставките и предлозите кои не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

При изготвувањето на прописите на општината, советот, односно Градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

**Општина Демир Хисар**

**Градоначалник**

**Никола Најдовски**